FIX-O-FLEX F

Својства:

FIX-O-FLEX F е еднокомпонентно лепило и заптивна маса на база на силил модифициран полимер (СМП), којшто преку влага се стврднува и преобразува во еластичен производ. Поради своето само-измазнувачко својство и неговата висока хемиска отпорност, *FIX-O-FLEX F* се препорачува за многу специјални примени во хоризонтални и вертикални области. При случаи на санирање спојници, нпр. заедно со акрилатни гелови или ТРН водо-набабрувачка гума, *FIX-O-FLEX F* служи како постојана еластична инектировка односно заливка за спојници, доколку можни поместувања од спојниците се помалку од 10%.

FIX-O-FLEX F е погоден дури и за прилепување врз влажни подлоги; тој има добра УВ-отпорност и може да прима премаз од боја.

Поради неговата вискозност, *FIX-O-FLEX F* е погоден за хоризонтални и вертикални премази (исполнувачки слој).

Области на примена:

- Безгрунтовно прилепување и заптивање врз полиестер (ГФК), ПВЦ, акрилно стакло, полистирол, макролон, челик, нерѓачки челик, алуминиум, бетон, клинкер, мермер, стакло и дрво
- Заптивна смеса за хемиски контаминирани спојници, кадешто се очекуваат само мали поместувања (максимум 10% преземање на поместувања)
- Заптивање и прилепување врз влажни подлоги исто така
- Хоризонтални/вертикални премачкувања на нпр. контејнери, собирни базени (таложници), каналски окна и дупки
- Исполнување и затворање на нпр. површни спојници, продори и преломи, исто и кај области на инсталациони каналски системи и постројки за пречистување отпадни води.

Технички податоци:

Конзистенција	само-порамнувачка
Боја	Црна
Мирис	безмирисен
Динамичка вискозност	Приближно 5500 mPas
Спец.густина (волуменска тежина)	1.5 г/см^3
Време за формирање опна (обвивка)**	Приближно 1 саат
Целосно сврднување**	Приближно 2 мм / 24 саати
Тврдост*	Приближно 55 (според Shore A Type)
Максимално преземање на поместувања	10%

Издолжување при прекин	Приближно 500 %
Собирање	Максимум 0.3 %
Процесна температура	5º - 40ºЦ (температура на конструкциски елемент)
Температурна отпорност	Приближно -40ºЦ до +90ºЦ
Форма на испорака	8 кг лимени кофи
Складирање	На ладно и суво, во оригинални контејнери (амбалажи) приближно 12 месеци

*) мерење по 4 седмици стврднување на 23ºЦ / 50 % релативна влажност)
**) мерење при 23ºЦ / 50% релативна влажност)

Процесирање/обработка:

Подлогите мора да бидат цврсти и тврди, носечки, чисти и без разделни супстанци (мазива, масла итн). Подлогите не смеат да содржат никакви материјали коишто содржат катран, бидејќи во спротивно се редуцира атхезијата (прилепувањето). Нанесување врз свеж битумен не се препорачува поради истата причина. Врз стар битумен, атхезија од максимум 0,45 N/mm^2 може да се постигне, доколку површината е без мазива.

FIX-O-FLEX F би требало да се нанесува рамномерно со притисок врз прилепувачката површина. За оваа цел препорачуваме користење на нпр. зажлебена мистрија или полирана лопатка. Контејнери (амбалажи) коишто се веќе отворени би требало да се искористат колку е можно побрзо. Во случај на процесирање (обработка) на *FIX-O-FLEX F* како инектирање т.е. заливање, може да се користи инка или канта за полевање за истурање на истото во хоризонтални спојници а со цел олеснето процесирање. Доколку се нанесува како премаз, влажен слој од 3 мм би требало да постигне.

Прилепување врз пластики коишто се тешки за прилепување (врзување) нпр. ПЕ или ПП (полиолефин) би требало претходно да се испита. Во случај на нанесување врз премачкани површини, потребно е прелиминарно испитување за компатибилност.

Атхезијата (прилепување) врз мат влажни бетонски подлоги е слично висока како она врз сув прајмиран (грунтиран) бетон. Врз контактни површини, како нпр. алуминиум, поцинкувани челични лимови, ПВЦ, ПС, макролон и други, *FIX-O-FLEX F* може да се користи без прајмер (грунт). Пре-третман со *FIX-O-FLEX Прајмер* за суви и *HYDROPOX* за влажни подлоги би можело да биде потребно во случаи на нпр. силно распаднати површини (од атмосферски влијанија и стареење).

Времето за целосно сврднување зависи од влажноста и температурата. Времето на целосно стврднување може однапред да се скрати со зголемување на температурата и влагата.

Забелешка:

FIX-O-FLEX F не содржи никакви растворувачи, омекнувачи (пластификатори), изоцијанати или силикон. Според тоа, потребно е, пред започнување со процесирањето, да се запознаете со претпазните мерки и безбедносни совети

какошто е покажано во Табелираните безбедносни податоци. Исто така, во случај на производи коишто не се предмет на задолжително идентификациско означување, треба да се земат во предвид претпазни мерки коишто се вообичаени за хемиски производи.

FIX-O-FLEX F содржи аминосилани коишто можат да предизвикаат алергични реакции.

Правилна и на тој начин успешна употреба на нашите производи е надвор од наша контрола. Гаранција може да се издаде за квалитетот на нашите производи во рамките на нашите Услови на продажба и испорака, меѓутоа, не за нивно успешно процесирање. Сите податоци и спецификации во оваа спецификација базираат на сегашните техничко-технолошки достигнувања, но правото да правиме измени или адаптации заради развојот си останува експлицитно резервирано.. Спецификациите за потрошувачка, наведени од нас, можат да бидат само како просечни емпириски вредности, кадешто отстапувања во одделни случаи се можни па според тоа истите не можат да се исклучат од наша страна. .